# Јубилијен Македонски поетски фестивал

Културната манифестација “Ден на македонската поезија во Шведска“ годинава по 20-ти јубилеен пат се одржи во Културниот центар на АБФ во Стокхолм во организација на друштвото “Даме Груев“. Фестивалот беше отворен со звуците на оркестарот, Сплет, кој негува и свири македонска изворна музика, музика која ги топли срцата, за да потоа изведбата на позната ЛЕНКА ( Лиљана Стоилковска, Андонова), ги изнуди солзите кај многубројната публика.

Настапија преку 20 поети и сите топло поздравени од, како што рековме , многубројната публика.Настапија и поети гости од Македонија, како и поети кои прочитаја свои песни напишани на : хрватски, босански, шведски, српски, шпански и др. јазици.

По повод овој значаен јубилеј на македонските потески средби под покровителство на Македонскиот сојуз во Шведска од печат излезе поетскиот зборник “Светлина врз трагите“ во кој се поместени стихови од повеќемина автори. Зборникот е издание на Македонскиот сојуз и на книгоиздателството “Македонска реч“ во Скопје, а беше промовиран од страна на сопственикот на ова книгоиздателство, Нове Цветаноски.

Забавниот дел од фестивалот продолжи во ресторанот Јакт Торнет, каде покрај вечерата засладена со прекрасните торти и колачи припремени од жените активисти на здружението Даме Груев се поделија и многубројни признанија и благодарници.

Сега кога ги сумираме резултатите со право можеме да кажеме дека нашето здружение се покажа дека е орно да организира и вакви големи и значајни манифестации, па затоа на сите вклучени во припремите и изведувањето на фестивалот им изразуваме големе благодарност. Посебна благодарност за публиката која знаеше што сака, како и за жените активисти на здружението Даме Груев и по секако на членовите на Управниот Одбор.



Поетите учесници заедно со амбасадорот на Р Македонија
Агон Демјаха со сопругата